РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-172/4
18. 12. 2014 год.

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 35. седница одржана на 15.12.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Туризам", прв циклус тригодишни студии на Факултет за туризам, при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Туризам", прв циклус тригодишни студии на Факултет за туризам, при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран менаџер во туризмот,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Туризам и угостителство.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за туризам, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет за туризам и менаџмент Скопје за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Туризам", на 11.11.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 34 седница одржана на 27.11.2014. формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 35. седница одржана на 15.12.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Миколај Кузиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-172/5
18. 12. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 35. седница одржана на 15.12.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Туризам", втор циклус двегодишни студии на Факултет за туризам, при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Туризам", втор циклус двегодишни студии на Факултет за туризам, при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по менаџмент во туризмот,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Туризам и угостителство.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за туризам, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет за туризам и менаџмент Скопје за организирање втор циклус двегодишна студиска програма „Туризам", на 11.11.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 34 седница одржана на 27.11.2014., формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 35. седница одржана на 15.12.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски